**ОПШТИНА БИТОЛА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2015 ГОДИНА

Предлагач:
Градоначалник на Општина Битола
Г-дин д-р Владимир Талески

Изготвувач:
Сектор за финансиски прашања
на Општина Битола

*Битола, март 2016 година*

Содржина:

- Вовед _2_
- Годишна сметка / наративен дел _3_
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност _15_
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капителните и блок дотации, дотациите за делегирани надлежности _19_
- Изјава од одговорниот сметководител
- Прилози
- Биланс на приходи и расходи
- Биланс на состојба ( од сметка Буџет на Општината и орган на Општина Битола)

## 1.Вовед

**Основни податоци за Општината**
Број на жители 95385
Површина и населени места 794,53 км2

Битола е лоцирана во југозападниот дел на Македонија и се наоѓа на само 13 км оддалеченост од границите на ЕУ.Битола е еден од најголемите градови во Македонија, со околу 95385 жители во градот и околните 64 рурални населби. Градот има долга и богата историја која допира дури до неолитскиот период.

**Надлежност**

Општината самостојно, во рамките на законот и Статутот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за Локална самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на Општината**

Основните претпоставки за поготвување на Буџетот на Општина Битола претставуваат законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на Општината Битола (Законот за локална самоуправа, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Законот за буџетите),макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Македонија, вклучувајќи ги и основните насоки за поготовка на Буџетот за 2015 година добиени од Министерството за Финансии на Република Македонија.

Буџетот на Општина Битола за 2015 година е донесен од Советот на Општина Битола на седница одржана на ден 26.12.2014 година , заедно со Одлуката за извршување на буџетот на Општина Битола за 2015 година.

Во текот на 2015 година е донесена една Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Битола за 2015 година, на седницата на Советот на Општина Битола одржана на 12.03.2015 година, една Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2015 година на седница на Совет на Општина Битола одржана на ден 27.05.2015 година и една Одлука за измени и дополнувања на Буџетот за 2015 година на седница на Совет на Општина Битола одржана на ден 28.09.2015 година. Измените и дополувањата беа извршени заради усогласување на приходниот со расходниот дел во основнот буџет, како и заради потребите од усогласување на приходите и расходите на буџетите на локалните јавни установи .

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 2. ГОДИШНА СМЕТКА

### 2.1.Приходи на Општината

Споредбата на планираните и реализираните приходи исто така е добар показател за доброто или лошото планирање и реализација на планот и за истото да се даде оценка за успешноста на општинската даночна администрација, односно на Општината Битола за наплатата на сопствените приходи и напорите на органите на Општина Битола ,за обезбедување на дополнителни средства по Програмите на надлежните министерства и донациите од земјата и странство. За остварување на сопствените приходи во 2015 година општината издаде **37.206** решенија за данок на имот, **5.511** решенија за фирмарина, **1.315** решенија за купопродажба, и **1.576** решенија за наледство и подарок, и други акти донесени во управна постапка во помал број , но сепак со значајни приходи , како надоместокот за уредување на градежно земјиште,такси за музика во јавни локали и сл.

**На сметката Основен буџет на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи:**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **712.436.640** | **542.611.653** |
| **71 Даночни приходи** | **420.446.308** | **350.277.708** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 16.975.000 | 18.123.322 |
| 713 Даноци на имот | 159.100.000 | 142.996.084 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 206.324.000 | 170.926.256 |
| 718 Такси за корисење или дозволи за вршење дејност | 38.047.308 | 18.232.046 |
| **72 Неданочни приходи** | **53.525.000** | **21.139.501** |
| 721 Претприемачки приходи и приходи од имот | | 14.147 |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 5.035.000 | 4.619.389 |
| 723 Такси и надоместоци | 15.000.000 | 12.637.379 |
| 724 Други Владини услуги | 400.000 | 210.799 |
| 725 Други неданочни приходи | 33.090.000 | 3.657.787 |
| **73 Капитални приходи** | **142.574.964** | **52.460.800** |
| 731 Продажба на капитални средства | 35.000.000 | 16.127.979 |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 107.574.964 | 36.332.821 |
| **74 Трансфери и донации** | **95.890.368** | **118.733.644** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 95.890.368 | 118.733.644 |
| **79 Разлика на приходите и трошоците** | | **16.199.830** |




**сл.1 Вкупни приходи сметка Основен буџет**

Графички вкупните приходи на основниот буџет се прикажани на слика 1. Од сликата можат да се утврдат позитивните и/или негативните трендови на планирање или отстапувања доколку за истите се утврди дека ги има.

**71 Планираните даночни приходи се остварени со 83,31 %**

Ставка 711- Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки, од планираните 16.975.000,00 денари од вкупниот буџет, отварени приходи се во износ од 18.123.322,00 денари или 100 %.

Ставка 713-Данок на имот од планираните во вкупниот буџет 159.100.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 142.996.084,00 денари или 89,88 %.

Ставка 717- Данок на специфични услуги од планираните 206.324.000,00 денари остварени приходи се во износ од 170.926.256,00 денари, или 82,84 %.

Ставка 718 - Такси за користење или дозволи за вршење дејност од планираните 38.047.308,00 денари остварени се 18.232.046,00 денари, 47,92 %.

**72 Планираните неданочни приходи се остварени со 39,49 %**

Ставка 722- Глоби,судски и административни такси од планираните 5.035.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 4.619.389,00 денари или 91,75 %.

Ставка 723- Такси и надоместоци во од планираните 15.000.000,00 денари остварени приходи се во износ од 12.637.379,00 денари, или 84,25 %.

Ставка 724-Други владини услуги од планираните 400.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 210.799,00 денари, или 52,70%.

Ставка 725-Други неданочни приходи од планираните 33.090.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 3.657.787,00 денари , или 11,05%.

**73 Планираните капитални приходи остварени се со 36,80 %**

Ставка 731-Продажба на капитални средства од планираните средства во износ од 35.000.000,00 денари, остварени се приходи од 16.127.979,00 денари или 46,08%.

Ставка 733-Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 107.574.964,00 денари, остварени се приходи од 36.332.821,00 денари или 33,77 %.

**74 Планираните трансфери и донации оставарени се со над 100 %.**

Ставка 741- Трансфери од други нивоа на власт од планираните 95.890.368,00 денари, остварени се приходи во износ од 118.733.644,00 денари или над 100 %.

**На сметката Самофинансирачки активности планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **95.938.489** | **52.892.346** |
| **72 Неданочни приходи** | **95.938.489** | **48.092.545** |
| 721 Претприемачки приход и приход од имот | | 9.628 |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 32.000 | 24.327 |
| 723 Такси и надоместоци | 85.345.500 | 42.042.835 |
| 724 Други Владини услуги | | 10.784 |
| 725 Други неданочни приходи | 10.560.989 | 6.004.971 |
| **73 Капитални приходи** | | |
| 731 Продажба на капитални средства | | |
| **74 Трансфери и донации** | | **4.799.801** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | | 4.799.801 |
| 742 Донации од странство | | |
| 743 Капитални донации | | |
| **79 Разлика на приходите и трошоците** | | **8.184.752** |




**сл.2 Вкупни приходи сметка Самофинсирачки активности**

Поодeлно остварувањето на приходите кај локалните јавни установи Советот на Општина Битола ќе може да ги констатира преку разгледување на завршните сметки на локалните јавни установи.

**На сметката Донации планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **20.833.956** | **13.339.760** |
| **74 Трансфери и донации** | **20.833.956** | **13.339.760** |
| 742 Донации од странство | 19.833.956 | 12.339.760 |
| 744 Тековни донации | 1.000.000 | 1.000.000 |
| **79 Разлика на приходите и трошоците** | | **6.980.281** |




**сл.3 Вкупни приходи сметка Донации**

Графичкиот приказ покажува колку средства се остварени од Донации во општината,и локалните јавни установи.

До крајот на 2015 година остварени се приходи по основ на Донации и тоа;

**Во сметките за Донации** планирани со вкупен износ 14.090.110,00 денари донациите на основните и средни училишта, детските градинки ,зоолошката градина оваа сметка има остварување на приход од 6.755.431,00 денари или 47,94%.

**Донација - Заштита од пожар FIRESHIELD** планирани се средства од 365.658,00 денари , остварени се приходи од 365.658,00 денари или 100 %.

**Донација - Биофосс** планирани се средства од 3.850.825,00 денари , остварени се приходи во износ од 3.850.825,00 денари или 100 %.

**Донација-Изградба и реконструкција на пешачки мост на р. Драгор** планирани се средства од 1.000.000,00 денари, остварени се приходи од 1.000.000,00 денари или 100%.

**Донација-Телетерм** не се планирани средства остварени се 13.281,00 денари.

**Донација-Промовирања на општо корисна работа** од планираните 484.000,00 денари , остварени се 483.600,00 денари, или 99,92%.

**Донација -Зоо Иновативa** од планираните 1.043.363,00 денари , остварени се 870.965,00 денари, или 83,48%.

## 2.2 Расходи на Општината

Расходната страна на буџетот на Општината Битола се планира согласно законските прописи и програмското планирање. Програмите се утврдени согласно со надлежностите.

Расходната страна на Основниот буџет на Општината Битола може да се прикаже по видови по сметкии и програми.Според програмската класификација во Буџетот на Општина Битола се опфатени 20 програми. Реализацијата на расходите во текот на цела 2015 година , е извршена како резултат на спроведени околу **200 постапки за јавни набавки** од одделението за јавни набавки, и добиени **3244 фактури** во одделението за сметководство.

**На сметката на основниот буџет на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи;**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **712.436.640** | **526.411.823** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **63.478.500** | **60.021.796** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 40.860.000 | 38.502.337 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 14.788.500 | 14.011.545 |
| 404 Надоместоци | 7.830.000 | 7.507.914 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **400.000** | |
| 412 Постојана резерва | 200.000 | |
| 413 Тековни резерви | 200.000 | |
| **42 Стоки и услуги** | **254.540.522** | **213.786.698** |
| 420 Патни и дневни расходи | 2.514.000 | 1.478.095 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 90.200.519 | 69.055.004 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 8.695.200 | 6.355.500 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 77.338.803 | 68.562.912 |
| 425 Договорни услуги | 41.330.000 | 35.109.540 |
| 426 Тековни расходи | 24.610.000 | 23.373.647 |
| 427 Привремени вработувања | 9.852.000 | 9.852.000 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **35.600.000** | **34.301.472** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 21.700.000 | 21.529.110 |
| 464 Разни трансфери | 13.900.000 | 12.772.362 |
| 465 Исплата по извршни расправи | | |
| **47 Социјални бенифиции** | **5.400.000** | **4.869.967** |
| 471 Социјални надоместоци | 5.400.000 | 4.869.967 |
| **48 Капитални расходи** | **353.017.618** | **213.431.890** |
| 480 Купување на опрема и машини | 6.215.018 | 2.400.959 |
| 482 Други градежни објекти | 341.010.350 | 206.804.277 |
| 483 Купување мебел | 450.000 | 420.548 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 4.842.250 | 3.806.106 |
| 486 Купување на возила | 500.000 | |

**сл.4 Вкупни расходи сметка Основен буџет**




### *Вкупни тековни оперативни расходи:*

Ставка 401-Основни плати и надоместоци реализирани се расходи во во износ од 38.502.337,00 од вкупно планираните во буџетот 40.860.000,00 денари.

Ставка 402-Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 14.011.545,00 денари од вкупно планирани во буџетот 14.788.500,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци реализирани се трошоци од 7.507.914,00, денари од планираните 7.830.000,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва е планирана со средства од 200.000,00 денари, не се реализирани средства.

Ставка 413- Тековни резерви е планирана со средства од 200.000,00 денари, не се реализирани средства.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 1.478.095,00 денари од планираните 2.514.000,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во износ од 69.055.004,00 ден, од планираните 90.200.519,00 денари.

Ставка 423- Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки реализирани се во износ од 6.355.500,00 денари, од планираните 8.695.200,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во во износ од 68.562.912,00 денари од планираните 77.338.803,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 35.109.540,00 денари од планираните 41.330.000,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци во износ од 23.373.647,00 денари, од планираните 24.610.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 427-Привремени вработувања реализирани се трошоци во износ од 9.852.000,00 денари, од планираните 9.852.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци во износ од 21.529.110,00 ден, од планираните 21.700.000,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери реализирани се трошоци во износ од 12.772.362,00 ден, од планираните 13.900.000,00 денари.

Ставка 471-Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во износ од 4.869.967,00 ден, од планираните 5.400.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480-Купување на опрема и машини, реализирани се расходи во износ од 2.400.959,00 ден, од планираните 6.215.018,00 денари

Ставка 482-Други градежни објекти, реализирани се расходи во износ од 206.804.277,00 ден, од планираните 341.010.350,00 денари.

Ставка 483-Купување на мебел, реализирани во износ од 420.548,00 ден, од планираните 450.000,00 денари.

Ставка 485-Вложувања и нефинансиски средства, реализирани се расходи во износ од 3.806.106,00 ден, од планираните 4.842.250,00 денари.

Ставка 486-Купување на возила е планиран износ од 500.000,00 денари нема реализација со четвртиот квартал.

Поединечно програмата А0 - Совет на општина е остварена со 76,30%,Г1- ЛЕР е остварена со 51,92%,Г2- Развој на туризмот остварена со 11,87%, Д0- Градоначалник со 82,56%, Д1- Месна самоуправа е остварена со 91,07 %, Е0- Општинска администрација 84,76 %,ЕА-Капитални трошоци на општината со 91,33%,Ј3- Јавно осветление 83,77 %, Ј4- Јавна чистота 85,44 %,Ј6- Одржување и заштита на локални патишта 27,82 %,Ј7- Одржување и користење паркови и зеленило 100%,ЈГ- Изградба на системи за водоснабдување во Арм четврт 1 и 2 со 93,98%, ЈД- Изградба и реконструкција на улици и патишта 84,25 %,ЈИ-Изградба на атмосферска и фекална канализациона мрежа улица СРУ 1 ( АРМ четвр 1 и2) е остварена со 31,32%, КА- Културни манифестации и творештво ( капитални расходи) е остварена со 49,08% ЛА Спорт и рекреација (капитални трошоци) со 87,73%, ЊО-Противпожарна заштита со 67,14 %,и Ф1- Урбанистичко планирање со 18,89%.

**Ставките 401,402,404 Основни плати и надоместоци** - се однесуваат на плати, надоместоци од плати и придонеси од плати за вработени , како и други надоместоци за советниците, за 12 месеци реализирани во вкупен износ од 60.021.796,00 денари .

**Ставката 420 Патни и дневни расходи** ги опфаќа патувањата во земјата и странство на вработените во општинската администрација, градоначалникот , претставниците од советот на општината и надворешни соработници, реализирани се во вкупен износ од 1.478.095 ,00 денари .

**Ставката 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** ги опфаќа трошоците за електрична енергија за општината, месните заедници, училиштата, вода и канализација, ѓубретарина, течни горива за општината, училиштата, противпожарната заштита, уличното осветлување,телефон и телефакс за општинската администрација и членовите на советот на општината, горива и масла за возилата, регистрација на моторните возила, и транспорт на луѓе реализирана е вкупен износ од 69.055.004,00 денари.

**Ставката 423 Алат и ситен инвентар** опфаќа : канцелариски материјал, весници, списанија и други изданија, униформи, прехрамбени артикли и пијалаци, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, и други материјали , реализирана е со вкупен износ од 6.355.500,00 денари.

**Ставката 424 Поправка и тековно одржување** ги опфаќа поправката на возилата и тоа лесните возила и возилата во ТППЕ , одржувањето на зградата, , дезинфекција, деритизација, , поправка и одржување на опремата , поправка и одржување на уличното осветление и одржување на јавните зелени површини, реализирана е во износ од 68.562.912,00 денари.

**Ставката 425 Договорни услуги** ги опфаќа осигурувањата на возилата, недвижностите и правата , изработката на просторни и урбанистички планови, услугите за копирање и печатење, и договорни услуги од други лица (изведувачи физички лица за културни манифестации,лица вклучени за достава на решенија, работници ангажирани за проектот Почиста Битола и др),вкупната реализација е во износ од 35.109.540,00 денари.

**Ставка 426 Други тековни расходи** опфаќаат членарини во домашни организации, расходи за репрезентација и други опративни расходи. Реализирани се во износ од 23.373.647,00 денари, најголем дел опфаќаат другите оперативни расходи (уплати за поднесување на завршни сметки,трошоци кон Агенцијата за катастар на недвижности за имотни листови за имот на Општина Битола, фотографски услуги, миење на службените возила на општината, следење на културните настани и нивно претставување во електронските медиуми, вцртување на поземни инсталации, поставување и собирање на знамиња, изведувачи правни лица за културни манифестации) и др.

**Ставка 427 Привремени вработувања** е ставка за исплата на лица ангажирани во општината за вршење на административни работи и истата е реализирана во вкупен износ од 9.852.000,00 денари.

**Ставка 463 Трансфери до невладини организации и спортски здруженија** е реализирана во износ од 21.529.110,00 денари, а се однесуваат на трансфери до здруженија и граѓани , и трансфери до спортски клубови за подршка и реализација на нивните програми ќе наведеме некои организации на кој сме дале финансиска подршка ЗГ на иналидизирани лица, Интефест, Битолски камерен оркестар, ЗГ Баирска светлина, Молика движење за околина, Здружение на слепи лица, Престиж, и многу други. Од трансферите до спортските клубови КК Пелистер, РК Пелистер, ФК Пелистер, Шаховски клуб,Стево Патако, Стрелачки клуб Тумбе кафе, и сите фудбалски клубови кои се активни на територијата на Општина Битола.

**Ставката 464 Разни трансфери** опфаќа плаќања во вкупен износ од 12.772.362,00 денари и тоа за плаќања по судски решенија , за трансфери при пензионирања, и други трансфери(трансфери на средства до донаторските сметки како наше учество, трансфер на средства по одлука на Совет на Општина Битола до Пелагонискиот регион (според член 62 од Законот за рамномерен регионален развој - Службен весник на Р.М. бр 63/07 ) според бројот на жителите, и други трансфери.

**Ставка 471 Социјални бенифиции** реализирана е во износ од 4.869.967,00 денари е наменета за помош на лица - социјални случаеви по решение од комисија за финансии и буџет или решение од градоначалник , а во согласност со Одлуката за определување на критериумите за распределба на средства, како финансиска помош од Општина Битола.

**Ставка 480 Купување на опрема и машини** реализирана е со износ од 2.400.959,00 денари и ги опфаќа купување на информатичка и видео опрема, и др опрема.

**Ставката 482 Други градежни објекти** е наменета за капиталните расходи ( улици, патишта, водоводи,канализација и др) на општината и е реализирана со вкупен износ од 206.804.277,00 денари.

**Ставка 483 Купување на мебел** е реализирана со износ од 420.548,00 наменета е за купување на канцелариски мебел.

**Ставката 485 Вложувања и нефинансиски средства** реализирана е во износ од 3.806.106,00 денари , за купување на комјутерски софтвер,мал дел за експропријација и основачки влог за АД РК Пелистер.

**На сметката Самофинансирачки активности на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **95.938.489** | **44.707.594** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **3.231.000** | **2.857.919** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 2.366.520 | 2.086.268 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 864.480 | 771.651 |
| **42 Стоки и услуги** | **76.506.589** | **38.157.505** |
| 420 Патни и дневни расходи | 1.006.549 | 119.264 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 9.202.640 | 5.200.971 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 35.236.000 | 21.182.043 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 10.516.500 | 3.003.056 |
| 425 Договорни услуги | 15.307.900 | 6.367.215 |
| 426 Тековни расходи | 5.087.000 | 2.284.956 |
| 427 Привремени вработувања | 15.000 | |
| **46 Субвенции и трансфери** | **3.991.500** | **688.765** |
| 463 Трансфери до невладини организации | | |
| 464 Разни трансфери | 3.991.500 | 688.765 |
| **48 Капитални расходи** | **12.209.400** | **3.003.405** |
| 480 Купување на опрема и машини | 4.943.400 | 844.724 |
| 481 Градежни објекти | 400.000 | |
| 482 Други градежни објекти | 4.400.000 | 1.334.355 |
| 483 Купување мебел | 447.000 | 24.000 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 611.000 | 92.326 |
| 486 Купување на возила | 1.408.000 | 708.000 |




**сл.5 Вкупни расходи сметка Самофинансирачки активности**

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за **Само-финансирачките активности** се реализирани 44.707.594,00 денари од планираните 95.938.489,00 денари или 46,60 % . и тоа:

Ставка 401- Основни плати и надоместоци планирани се трошоци во износ од 2.366.520,00 денари, реализирани се 2.086.268,00 денари.

Ставка 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите планирани се трошоци во износ од 864.480,00 ден, реализирани 771.651,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 1.006.549,00 денари, реализирани 119.264,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 9.202.640,00 денари, реализирани се 5.200.971,00 денари.

Ставка 423 -Ситен инвевентар и др. материјали за поправка планирани се трошоци во износ од 35.236.000,00 денари, реализирани се 21.182.043,00 денари.

Ставка 424 - Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 10.516.500,00 денари, реализирани се 3.003.056,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 15.307.900,00 денари, реализирани се во износ од 6.367.215,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 5.087.000,00 денари, реализирани се 2.284.956,00 денари.

Ставка 427-Привремени вработувања планирани се трошоци во износ од 15.000,00 денари,нема реализација.

Ставка 464- Разни трансфери планирани се трошоци во износ од 3.991.500,00 денари, реализирани се во износ од 688.765,00 денари.

Ставка 480- Купување на опрема и машини планирани се средства во износ од 4.943.400,00 денари,реализирани се средства во износ од 844.724,00 денари.

Ставка 481- Градежни објекти планирани се трошоци во износ од 400.000,00 денари, реализација нема.

Ставка 482- Други градежни објекти планирани се трошоци во износ од 4.400.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 1.334.355,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел,планирани се трошоци во износ од 447.000,00 денари, реализација 24.000,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства планирани се трошоци во износ од 611.000,00 денари, реализирани се 92.326,00 денари.

Ставка 486- Купување на возила , планирани се средства од 1.408.000,00 денари,реализирани се 708.000,00 денари.

Поединечно К3 Музејска и кинотечна дејност- 49,67 %,В1 Детски градинки - 49,78%, В2 Старски дом- 81,23%, Н1 Основно образование - 13,27%,Н2 Средно образование - 25,76% .

**На сметката Донации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | **Планирани** | **Реализирани** |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **20.833.956** | **6.359.479** |
| **42 Стоки и услуги** | **12.143.136** | **3.314.528** |
| 420 Патни и дневни расходи | 3.840.788 | 639.867 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 333.100 | 63.533 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 2.289.982 | 987.309 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 287.000 | 28.089 |
| 425 Договорни услуги | 3.361.016 | 721.531 |
| 426 Тековни расходи | 1.991.250 | 874.199 |
| 427 Привремени вработувања | 40.000 | |
| **46 Субвенции и трансфери** | **522.659** | **326.271** |
| 463 Трансфери до невладини организации | | |
| 464 Разни трансфери | 522.659 | 326.271 |
| **48 Капитални расходи** | **8.168.161** | **2.718.680** |
| 480 Купување на опрема и машини | 3.355.214 | 329.651 |
| 481 Градежни објекти | 100.000 | |
| 482 Други градежни објекти | 3.943.947 | 2.265.076 |
| 483 Купување мебел | 659.000 | 104.743 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 110.000 | 19.210 |




**сл.6 Вкупни расходи сметка Донации**

Од планираните расходи од Донации реализирани се средства од:

**Донација - Проект заштита од пожар** реализирани се средства во износ од 365.658,00 денари, или 100 %.

**Донација-Проект Биофос** реализирани се средства во износ од 43.578,00 денари или 1,13%

**Донација - Проект општо корисна работа** реализирани се средства во износ од 483.600,00 денари, или 99,92 %.

**Донација - Зоо Иновативa** реализирани се средства во износ од 752.287,00 денари или 72,10%.

**Донациите** во основните, средните училишта, зоолошката градина, градинките се рализирани во износ од 4.714.356,00 денари или 33,46 %.

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### 3.Извештај за средствата , побарувањата, обврските, и изворите на средствата и нивната вредност

Општината при изготвувањето на Завршната сметка покрај Билансот на приходи и расходи изготвува и Биланс на состојба кој е потребно да се преточи во објаснување во овој дел на Извештајот.

Податоците кои се утврдени во Билансот на состојбата реално ја прикажуваат имотната состојбата на општината.

За изготвување на Билансот на состојбата пореално, беа формирани пописни комисии со решение од страна на Градоначалникот , со цел да ја утврдат состојбата на недвижниот имот, основните средства, и ситниот инвентар како и побарувањата и обврските на Општината.

Централната комисија за попис е во состав:
Љубица Мигуловска - Претседател
Димитар Свидерски- член
Ленче Петровска - член
Стефанија Боцевска - зам. член

Според извештајот на Централната комисија за попис, комисијата за недвижности совесно и одговорно ја извршила својата задача и обезбедила податоци за постоечкиот имот кој се води во катастарските книги на Општина Битола.

| | |
|---|---|
| **Други нематеријални права** | 5.312.121,00 денари |
| Исправка на вредноста на др. нематеријални права | 2.848.130,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **2.463.991,00 денари** |

Вредноста на други нематеријални права ги опфаќа софтверите кои ги употребуваат вработените во општина Битола ( софтвер за подземен катастар, софтвер за финансиско работење, за архивско работење, за следење на финансиската документација, софвер за одобренија за градба и др),вредноста на нематеријалните права во 2015 година е зголемена за износот на софтверот за работа на новото јавно претпријатие.

| | |
|---|---|
| **Земјиште за друга намена** | 73.482.369,00 денари |

Вредноста на земјиштето за друга намена е земјиштето кое Општина Битола го има откупено од физички лица по пат на експропријација.

| | |
|---|---|
| **Градежни објекти** | 549.010.446,00 денари |
| Исправка на вредноста | 22.956.124,00 денари |
| **Сегашна вредност на градеж.објекти** | **526.054.322,00 денари** |

Вредноста на градежните објекти се однесува на објекти на општината, објекти во урбаните заедници, пречистителната станица во ИЗ Жабени, објекти во касарната, 17 монтажни киосци на шеталиште, дом за стари лица Сју Рајдер и други.

| | |
|---|---|
| **Станови и деловни објекти** | 82.277.529,00 денари |
| Исправка на вредноста | 6.117.751,00 денари |
| **Сегашна вредност на објектите** | **76.159.778,00 денари** |

Вредноста на становите и деловни објекти се однесува на 8 станови во сопственост на Општина Битола , 3 дуќани , поранешно детско одморалиште Пелистер,вториот дел од зградата на поранешно Радио Битола, ќумурното игралиште, фудбалското игралиште во с. Горно Оризари, фудбалското игралиште во ОУ Даме Груев и др.

Комисијата за утврдување на состојбата на предметите, опремата,ситниот инвентар, исто така совесно ја изврши својата задача. Новонабавените основни средства се евидентирани во пописните листи за 2015 година , со инвентарни броеви.
Во Билансот на состојба се искажани следните податоци кои се совпаѓаат со извештајот на пописната комисија.

**Опрема** 103.476.628,00 денари
Исправка на вредноста
на опремата 79.094.240,00 денари
**Сегашна вредност** **24.382.388,00 денари**

**Други материјални средства** 20.439.347,00 денари

Другите материјални средства ја евидентираат вредноста на спомениците на културата (споменикот на Филип, и споменикот Ангел на бранителите)и дела на ликовната уметност ( слики ) со кој располага општината.

**Инвестиции во тек** 118.531.466,00 денари

Во инвестиции во тек се евидентирани започнатите проекти за изградба и реконструкција на атмосферска и фекална канализација, изградба и реконструкција на водоводи и коловоз во АРМ четврт 1 и 2, и изградба и реконструкција на улицата Широка, канализација на ул Бистра, канализација во Градскиот стадион, изградба на киното Манаки и др.

**Долгорочни финансиски вложени**
**и здружени средства** 1.971.406.075,00 денари

Во оваа категорија е основачки влог на Општината Битола во јавните претпријатија, локалните јавни установи , Центар за развој на Пелагониски регион, АД ФК Пелистер со Одлука на Совет на Општина Битола 07-15/25 од 04.07.2012 година, АД РК Пелистер и др каде основач е Општината Битола .

Според извештајот на третата комисија за побарувања и обврски се констатираа следните состојби :

**Пари на жиро сметка** 16.199.830,00 денари
**Парични средства во касата** **0**
**Бонови за гориво** 70.000,00 денари

**Вкупни побарувања на Општина Битола** **332.296.446,00 денари**
Побарувањата се однесуваат на побарувања по основ на данок на имот за правни и физички лица е во износ од 99.953.869,00 денари,побарувања по основ на издаден простор под закуп од деловни објекти и издавање на рекламни паноа 3.875.314,00 денари, побарувања за користење на земјиште за поставена урбана опрема 2.183.534,00 денари,спорни побарувања 649.434,00 денари, побарувања од купувачи-надоместок за користење на автобуски стојалишта 2.487.450,00 денари.
Комисијата во соработка со стручните служби констатира дека како други побарувања се побарувања по основ комунална такса за истакнување на фирма,комунална такса за музика за јавни локали,комунална такса за користење простор пред деловни простории во износ од 96.396.178,00 денари, и побарувања по основ на заведени судски спорови во износ од 5.106.512,00 денари, и побарувања за одложено плаќање 3.049,00 денари.

**Побарувања за дадени аванси кон добавувачи** 1.438.657,00 денари.
Евидентираните побарувања за аванси во најголем дел се за извршени услуги за кои добавувачите бараат авансно плаќање.

**Други краткорочни побарувања од службениците во општинската администрација** 271.683,00 денари

Побарувањата се однесуваат на дадени верни картички за бензин на шоферите и вработените во општината и ТППЕ единицата кои се задолжени за возилата на општина Битола и ТППЕ.

**Други меѓусебни побарувања во односите со буџетот и фондовите** 119.930.766,00 денари

Побарувањата се од основните и средни училишта во чие име и сметка Општината измирила обврски( ел.енергија,превоз,нафта),и побарувања од Агенцијата за рурален развој за урбанистички планови во с. Долно Оризари.

**Обврските кон добавувачите во земјата на Општина Битола** 49.878.197,00 денари

Обврските се однесуваат за отворени обврски за кои фактурите или ситуациите стигнале со задоцнување , и за фактури кои пристигаат во први месец 2016 година, а се однесуваат за 12-ти месец 2015 година.Сите обврски доспеваат или имаат рок за плаќање во 2016 година.

**Други краткорочни финансиски обврски** во износ од 468.749,00 денари

Тоа се обврските за нето износот на надоместок за советниците за месец 12-ти месец 2015 година, кој се исплаќа во јануари 2016 година.

**Други краткорочни финансиски обврски во буџетот во износ од** 155.722,00 денари

Тоа се евидентирани повеќе уплатени средства од корисниците на општински деловен простор од јавно наддавање.

**Обврски спрема добавувачи- граѓани** 63.000,00 денари

Тоа се обврски кон физички лица со кои сме склучиле договор , а ќе се исплатат во 2016 година

**Обрските спрема државата и други институции** 61.039,00 денари

Ја опфаќа обврската за плаќање на персонален данок за надоместокот на советниците за 12-ти месец 2015 година и обврската за персонален данок по основ на договор со физички лица.

**Други обврски од меѓусебни односи** 18.065.892,00 денари

Обврските се однесуваат на обврски кон добавувачи -правни лица кои истовремено се и гаранции од правните лица за извршената работа на капиталните инвестиции на општината.(КЈП Нискоградба и ГП Пелистер).

**Пресметка и обврски за плати** 4.280.834,00 денари

Обрските се однесуваат на неисплатената плата на општинската администрација за 12-ти месец 2015 година.

**Материјали на залиха** се во износ од 4.027.564,00 денари

Се однесуваат на материјали, за новогодишно украсување, канцелариски материјал и др.

**Ситниот инвентар и неговата исправка** се со износ од 2.672.385,00 денари

**Во класата 9- Извори на средства и**
**вонбилансна евиденција** 2.816.947.300,00 денари.
се евидентирани сегашните вредности на нематеријалните,материјалните добра, основачките влогови на општината во локалните јавни установи , и објектите дадени на користење на општината од Владата на Р.М (објект на КП 17575/1 Спортско-рекреативен комплекс спортска сала Младост, двор и паркинг на истиот објект, котлара и санитарии, со Одлука на Владата на Р.М. бр 41-1877/1 од 20.03.2012 година и Одлука од Советот на Општина Битола за прифаќање трајно користење на недвижниот имот број 07-12/29 од 08.05.2012 година, објект на Работнички универзитет Крсте.П.Мисирков Битола со Одлука на Советот на Општина Битола број 07-15/22 од 04.07.2012 година, 1 објект во касарна, даден со Одлука на Влада на Р.М. број 51-997/1 од 22.02.2011 година, објектите на КП број 7424 во Општинскиот двор зградите и гаражите, дел од капиталните инвестиции на општината ( изградени водоводни и канализациони системи ул Максим Горки, ул Вардарска,ул Васил Брклевски, ул М и Т Живкови),( изградени канализациони системи урбан блок 18,и урбан блок 17,ул Иво Лола Рибар, ул Климент Охридски, ул 16-та, ул Стрежево, ул Полковник Неделков, ул Донка Ушлинова), и залихата на материјали за новогодишно украсување и канцелариски материјали, Дом за стари лица Сју Рајдер Битола, радио Битола вториот спрат, ќумурното игралиште,фудбалско игралиште во с. Горно Оризари, фудбалско повеќенаменско игралиште во основното училиште Даме Груев.

При прегледот на заведени судски спорови спрема општината утврдени се заведени спорови за надомест на штета без определена вредност (физички лица за експропријација) и др.

## 4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации за делегирани надлежности

Извештајот за реализација на инвестиционите програми ја содржи групата 48 Капитални расходи или ставката 482 која ги опфаќа; подготвување на проекти за улици, патишта, пречестителни станици, водоводи, енергетика, и други објекти, изградба и реконструкција на улици и патишта, изградба и реконструкција на водоводи, изградба и реконструкција на пречестителни станици, изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката и е реализирана во износ од **206.804.277,00 денари**.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за улици,и патишта** потрошени се средства во износ од **9.965.257,00 денари** .Проектите и елаборатите се изготвени за следните улици:Васко Карангелевски, Борка Левата, Ѓорѓи Димитров, Никола Киров Мајски, Бистра,Букова шума, Кузман Шапкарев, Апостол Здравевски,АРМ, Прилепска со батаљон Стив Наумов, Градски стадион под Тумбе кафе и др.

**Изградба и реконструкција на улици и патишта** потрошени се средства во износ од **84.756.891,00 денари**. Вложени се средства за изградба и реконструкција на следните улици: Работничка,Урбан блок 18, Широка,25-ти мај, Васко Карангелевски,Довлеџик, Владимир Надзор, Цар Самоил, Игњат Атанасовски,Врпоље, Христо Ботев,Полковник Неделков,Јоаким Крчовски,Таку Димитровски,локален пат с. Кишава,Фахри Ибраим, дел од улица Деваеани,патека во населба Карпош,краци улица Мукос,реконструкција на пат од Премиер спој со локален пат с. Лавци,СРУ1 во АРМ и други.

**Изградба и реконструкција на мостови** потрошени се средства во износ од **19.409.349,00 денари** за развојната програма за реконструкција на Црн мост, мост во с. Рамна, реконструкција на три моста во с. Ѓавато, пешачко мовче во г.Оризари.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за пречистетилни станици и колектори** потрошени се средства во износ **од 116.674,00 денари** и тоа за улиците: Фахри Ибраим,Стара чешма,Љубојно,Никола Киров Мајски и др.

**Изградба и реконструкција на пречестителни станици и колектори** потрошени се средства во износ од **38.302.342,00 денари ,** за фекална и атмосферска канализација на улиците: Широка,Урбан блок 18, АРМ четврт1,Довлеџик,Васил Брклевски,Стара чешма,Рашанец,Никола Киров Мајски,Климент Охридски,Даме Груев,чистење на реката Драгор,отворени канали во с. Кравари,Љубојна и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **160.397,00 денари**, за проекти и елаборати на водоводни мрежи на улиците : Фахри Ибраим,нас Стрчин,Никола Киров Мајски и др.

**Изградба и реконструкција на капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **9.066.183,00 денари** и тоа на улиците: АРМ-СРУ1, Фахри Ибраим,Широка,реконструкција на водоводна инсталација во градинка Снегулка и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети во енергетиката** потрошени се средства во износ од **596.543,00 денари**, и тоа за проекти за енергетска ефикасност на улиците:Широка,М.Апостолски, Д.Богоев, нас Стрчин, АРМ, Фудбалски стадион , Кино Манаки и др.

**Изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката** потрошени се средства во износ од **9.128.457,00 денари** и тоа поставување на улично осветление за кружен тек Партизанска-Васко Карангелевски, улица Иво Лола Рибар,Урбан блок 18, Булевар 1-ви мај,општинска зграда број 3 и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за други објекти** потрошени се средства во износ од **2.020.670,00 денари,** и тоа за следните објекти:Тумбе кафе,ИЗ Жабени,Кино Манаки и др.

**Изградба и реконструкција на други објекти** потрошени се средства во износ од **31.624.329,00 денари** и тоа за : поправки во спортска сала Младост,реконструкција на дом на култура с.Дихово,отстранување на настрешница над пасаж кај Безистен,реконструкција во Општинската зграда 3,потпорен зид на улица Смилевска,потпорен зид во с. Нижополе, реконструкција на месна заедница во с. Цапари, реконструкција на месна заедница Велушина и Драгарино,реконструкција на соблекувални на спортски игралишта во с. Кукуречани,реконструкција на кров на дом на културата во с. Оптичари,санација на културен дом во с. Буково, огради на спортски терени во с. Лажец, адаптација на училиштето во с. Канино и др.

**Надзор над изградбата на претходно споменатите проекти** потрошени се
се средства во износ од **1.657.185,00 денари.**

**На сметката Дотации на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупно Приходи** | **646.453.667** | **645.747.346** |
| **74 Трансфери и донации** | **646.453.667** | **645.747.346** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 646.453.667 | 645.747.346 |
| **79 Разлика на приходите и трошоците** | | **22.484.786** |
| | | |




**сл.7 Вкупни приходи сметка Дотации**

Приходите на оваа сметка се остварени по основ на Трансфери од други нивоа на власт односно од соодветните Министерства на локалните јавни установи , и пренесениот вишок на приходи од претходната година.

**На сметката Дотации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **646.453.667** | **623.262.560** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **565.753.936** | **554.369.669** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 412.095.034 | 404.213.049 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 153.658.902 | 150.156.620 |
| **42 Стоки и услуги** | **74.199.731** | **68.724.467** |
| 420 Патни и дневни расходи | | |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 40.014.471 | 34.995.975 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 2.916.487 | 2.872.703 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 950.994 | 949.914 |
| 425 Договорни услуги | 30.317.779 | 29.905.875 |
| **48 Капитални расходи** | **6.500.000** | **168.424** |
| 480 Купување на опрема и машини | 500.000 | 168..424 |
| 482 Др.градежни работи | 6.000.000 | |




**сл.8 Вкупни расходи сметка Дотации**

***Корисници на средства од наменска и блок дотација:***

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на наменската и блок дотација се реализирани во износ од 623.262.560,00 денари од планираните 646.453.667 ,00 денари или 96,41% и тоа:

Ставка 401- Основни плати и надоместоци се реализирани расходи од 404.213.049,00 ден, од планираните 412.095.034,00 денари.

Ставка 402-Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 150.156.620,00 денари, од планираните 153.658.902,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 34.995.975,00 денари од планираните 40.014.471,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 423- Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки,реализирани се трошоци во износ од 2.872.703,00 ден, од планираните 2.916.487,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 949.914,00 ден од планираните 950.994,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 29.905.875,00 ден, од планираните 30.317.779,00 денари.

Ставка 480- Купување на опрема и машини реализирани се во износ од 168.424,00 ден, од планираните 500.000,00 денари.

Ставка 482- Др. градежни објекти не се реализирани средства од планираните 6.000.000,00 денари.

Поединечно програмата К3-Музејска и кинотечна дејност е остварена со 98,20%, В1 - Детски градинки со 81,08 %, В2-Дом за стари лица со 93,42%, Н1-Основно образование 98,53%,Н2-Средно образование 98,11%,Ђ0- Противпожарна заштита со 94,51%.

Резултатите во 2015 година не ќе беше можно да бидат постигнати без соодветна подршка на Советот на Општина Битола. Советот одржа вкупно 17 седници на кои беа разгледани 350 точки.

Навременото и ефикасно донесување на одлуките позитивно влијаеше врз реализацијата на програмите на Општината.

Постигнатото го реализираше општинската администрација, организирана во 6 сектори, 20 одделенија и една единица, со организиран едношалтерски систем на услуги за делокругот на обврските на локалната самоуправа.

**Бр 09-37/5**
**11.03.2016 год.**
**Битола**

**Сектор за финансиски прашања**
**на Општина Битола**